# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**3662.**

Врз основа на член 29-д став 3 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), министерот за здравство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СИТЕ ФАЗИ НА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИСОТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за сите фази на одгледување на канабисот.

Член 2

Евиденцијата за сите фази на одгледување на канабисот се води во писмена форма во книга за евиденција со нумерирани страници, која е заверена во Министерството за здравство.

Секоја страница од книгата за евиденција од ставот 1 на овој член, се заверува со печат од одгледувачот на канабисот.

Евиденцијата за сите фази на одгледување на канабисот се води и во електронска форма (софтвер), која ги содржи истите податоци како и книгата за евиденција од ставот 1 на овој член.

Член 3

Во книгата за евиденција и електронската евиденција се внесуваат сите бројни вредности за еден циклус на одгледување на канабисот.

Секој циклус на одгледување на канабисот има идентификација (сериски број) и ги содржи следните податоци:

- датум на почеток сеење/садење на семе/саден материјал,
- назив, потекло и број на семки/саден материјал,
- број на проникнати семки/зафатен саден материјал,
- број на живи садници со личен идентификациски број,
- број на пресадени растенија,
- број на растенија што се одржуваат во вегатативна фаза (мајки),
- број на растенија што формирале цветови,
- број на собрани растенија со цвет (обработени садници),
- маса на собрани цветови со процент на влага и содржина на Тетрахидроканабинол -ТХЦ,
- маса на цветови/листови после сушење со процент на влага,
- вкупна количина на исушен цвет од канабис со содржина на ТХЦ во момент на пакување и запечатување на кутиите,
- вкупен број на картонски кутии во кои е спакуван исушениот цвет за конкретниот циклус со наведен сериски број,
- број на нов расад (клонови) и
- отпад (количина и опис на отпадот, причина зошто се исфла, процент на влага и содржина на ТХЦ во отпадот).

Член 4

Книгата за евиденција од член 2 став 1 од овој правилник, се печати на бела хартија во А4 формат, со тврди корици во црна боја.

Член 5

Формата и содржината на книгата за евиденција од член 2 став 1 од овој правилник, е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Сите настанати измени надвор од предложениот и прифатениот план за одгледување на канабисот се прибележуваат и се објаснуваат/образложуваат во книгата за евиденција.

Член 7

Евиденцијата од член 2 од овој правилник, се води од страна на одговорното лице (фармацевт) кај одгледувачот на канабис, кое дневно ги внесува сите активности.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 19-8078/1
2 октомври 2023 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Фатмир Мецити,** с.р.

Прилог

# Книга за евиденција за сите фази на одгледување на канабисот

Сериски број:________________

| Датум на почеток на сеење/садење на семе/саден материјал | Назив, потекло и број на семки/саден материјал | Број на проникнати семки/зафатен саден материјал | Број на живи садници со личен идентификациски број | Број на пресадени растенија | Број на растенија што се одржуваат во вегатативна фаза (мајки) | Број на растенија што формирале цветови | Број на собрани растенија со цвет (обработени садници) | Маса на собрани цветови со процент на влага и содржина на ТХЦ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

| Маса на цветови/листови после сушење со процент на влага | Вкупна количина на исушен цвет од канабис со содржина на ТХЦ во момент на пакување и запечатување на кутиите | Вкупен број на картонски кутии во кои е спакуван исушениот цвет за конкретниот циклус со наведен сериски број | Број на нов расад (клонови) | Отпад | | | Забелешка за настанати измени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Количина и опис на отпадот | Причина зошто се исфла | Процент на влага и содржина на ТХЦ | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |